УДК 821.163.3-1:811.163.3(075)
Стручен труд
Professional paper

# ПОЕТСКИОТ ОПУС НА АЦО ШОПОВ ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**Марина Даниловска, Марина Спасовска**
вонреден професор, Универзитет во Тетово,
marina.danilovska@unite.edu.mk
вонреден професор, Универзитет во Тетово,
marina.spasovska@unite.edu.mk

**Апстракт:** Ацо Шопов е еден од најистакнатите поети од првата генерација македонски повоени писатели, кој се вивна во книжевните височини преку стиховите излеани од длабочината на лиричарската душа. За потребите на нашиот труд се одлучивме да направиме анализа на застапеноста на неговата поезија во наставните програми за средно и за основно образование, во учебниците по Македонски јазик за основното образование (од VI до IX одделение), во учебниците по Македонски јазик и литература за средното гимназиско образование и за средното стручно образование (четиригодишно и тригодишно). При анализата воочуваме кои песни се застапени во програмските подрачја од литература и од лектира, какви мотиви обработуваат, каков е поетовиот јазичен израз и сл.

**Клучни зборови**: стих, песна, поезија, учебник, литература

Ацо Шопов е еминентен поет, кој се вивна во книжевните височини преку стиховите излеани од длабочината на лиричарската душа. Неговото творештво претставува „показ на појавата и на развитокот на одделни поетски идеи и преокупации од македонската поезија“ (Мицковиќ, 1998: 69). Соња Стојменска-Елзесер истакнува дека „поетската врвица на Шопов вообичаено се изучува низ неколоку фази и таа најсимплифицирано изгледа вака: четириесеттите и педесеттите години од дваесеттиот век се доба на неговите ангажирани, родољубиво-револуционерни и градителски, честопати грубо определувани и како соц-реалистички стихови; во 1952 година се случува големиот пресврт, се случуваат стиховите „за маката и радоста“ кога Шопов станува амблем на бранот на интимизам во македонската поезија и кога [во *Слеј се со тишината*, 1955], тој испејува некои од најжилавите и најтрајни стихови, како што е катренот за тишината, а од неговото испејување, пак, до смртта на поетот во 1983 година трае фазата на високо-естетизиран, рефлексивно-егзистенцијален, архетипско-митолошки, небиднинско-филозофски, космополитско-роднокраен поетски израз на неговата поетска

кулминација.“[1] Шопов во стиховите коишто ги создава, го открива својот внатрешен свет, своите размислувања, тагувања, неспокојства, посакувања, па тие се интимни и исповедни. Искреното излевање на најдлабоките мисли го среќаваме и во стиховите испеани за синот коишто се наоѓаат во збирката „Стихови за маката и радоста“:

„Детски мечти по трепките криеш
и не знаеш за споменот лош.“ („Трепет“)
„Ти ќе раснеш, ти ќе бидеш убав,
една зора ти пак ќе ме сретнеш.“ („Разговор со синот“)
„чуј, за синот имам такви сказни
и со таков ќе ги пеам глас
што некогаш ќе сетиме празник
можеби и ти, и тој, и јас!“ („Не љуби ме“)

Во нив се забележува дека тие се откорнати од таговната душа, која се надева дека некогаш најмилите ќе се радуваат додека ги читаат. Некои од неговите стихови се втиснати и на белините на учебниците, а за потребите на нашиот труд се одлучивме да направиме анализа на застапеноста на поезија на Шопов во наставните програми за средно и за основно образование, како и во учебниците по Македонски јазик за основното образование (од VI до IX одделение), во учебниците по Македонски јазик и литература за средното гимназиско образование и за средното стручно образование (четиригодишно и тригодишно). При анализата воочуваме колкава е застапеноста на содржините под неговото име, кои песни се вклучени во наставната програма на часовите по литература и на часовите за обработка на лектира, какви мотиви обработуваат, каков е поетовиот јазичен израз и сл.

**I Застапеност на поезијата на Ацо Шопов во учебниците по македонски јазик** за основно образование:

1. Во учебникот по Македонски јазик за **VII одделение**[2] за основно образование (од авторките Велкова и Јовановска), на стр. 17, во делот за

[1] Стојменска-Елзесер, С. (2014). *Лиричар од почеток до крај*. Скопје: Стожер, бр. 119. (Види на: https://www.acosopov.com/%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0/%D0%BB%D0%B8%D1%80%D0%B8%D1%87%D0%B0%D1%80-%D0%BE%D0%B4-%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%BA-%D0%B4%D0%BE-%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%98?lang=mk)

[2] Велкова, С., Јовановска, С. (2020). *Македонски јазик за VII одделение за основно образование*. Скопје: МОН. (Види на: https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Makedonski_7odd.%20S.Velkova_PRINT%20-%20OK_compressed.pdf), стр. 17.

вежби[3] е даден извадок од песната „На езеро“[4] во којшто учениците ги бараат аудитивните и визуелните елементи.

„... Наеднаш – немоќ и загинување.
Врз едно невидливо катче од езерото,
како непозната трпка врз телото,
помина бледо, лесно разбранување.
Водата сосема бавно се премрежи и
Пак сѐ потона во камено смирување...“
Ацо Шопов („На езеро“)

2. Во учебникот по Македонски јазик за **VII одделение** за основно образование[5] (од авторките Димковска и Цветковиќ), за обработка на композицијата на песната е дадена песната „На езеро“ од Ацо Шопов. Но, тука се посочуваат и зборовите (дамар – нерв, живец и шевар – вид барско растение) коишто ќе го збогатат речникот на учениците.

3. Во учебникот по Македонски јазик за **VIII одделение** за основно образование[6] (од авторот Томе Богдановски) се обработува песната „Ветрот носи убаво време“ од Ацо Шопов[7]. На часот од учениците се бара да ја анализираат песната, да ја потенцираат рефлексивната или мисловната лирика на поетот, да се осврнат и на откривањето на морничавите прашања за смислата на животот и за загадочноста на светот што нѐ опкружува. Во истиот учебник, на 53 страница, во делот за вежби, го пронајдовме извадокот од песната „Треба да бидеме подобри“[8] од Ацо Шопов, во којшто учениците треба да ги определат стиховите коишто се јавуваат како рефрен.

4. Во учебникот по Македонски јазик за **IX одделение** за основно

[3] Во Наставната програма за Македонски јазик за VII одделение, во Програмското подрачје за литература и лектира, се посочува да се обработат аудитивните и визуелните елементи во песните. (Види на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-VII_odd-mkd.pdf, стр. 10).

[4] Песната „На езеро“ е од збирката „Слеј се со тишината“, објавена во 1955 г.

[5] Димковска, Б. Цветковиќ, С. (2021). *Македонски јазик за VII одделение за основно образование*. Скопје: МОН. (Види на: https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/makedonski_jazik_7_dimkovska.pdf), стр. 28–29.

[6] Богдановски, Т. *Македонски јазик за седмо одделение осумгодишно основно образование*. Скопје: МОН. (Види на: https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/makedonski_jazik_7_tbogdanovski.pdf, стр. 41).

[7] Во Наставната програма за Македонски јазик за VIII одделение, во Програмското подрачје за литература и лектира, планирани се часови за обработка на стилските фигури (рефрен, градација, апострофа и хипербола), а како вежба се претполага да се практикува препознавање на стилските фигури во соодветни текстови од македонската литература. (Види на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-VIII_odd-mkd.pdf, стр. 9).

[8] Песната „Треба да бидеме подобри“ е од збирката „Ветрот носи убаво време“, објавена во 1957 г.

образование[9] (од авторките Велкова и Јовановска) за обработка е дадена песната „Очи“ од Ацо Шопов. Воедно, истата песна се работи и како вежба за пронаоѓање на паралелната рима[10].

5. Во учебникот по Македонски јазик за учениците од другите заедници кои наставата ја следат на албански и турски јазик за **IX одделение**[11], во делот „Азбука на природата“, се обработува песната „Облак“. Во продолжение се наведени и куси биографски податоци за авторот, а за домашна задача треба да се научи песната наизуст.

**II Застапеност на содржините за Ацо Шопов во наставните програми[12] по предметот Македонски јазик и литература за средно образование, како и во учебниците по Македонски јазик и литература и Македонски јазик и македонска литература за средно образование:**

- Реформирано гимназиско образование:

1. Во Наставната програма за Македонски јазик и литература за **I година**[13] (Реформирано гимназиско образование) во делот лектира е планирано да се обработува Современа македонска поезија (избор). Во зависност од изборот на професорот, на овие часови најчесто се обработува песната „Очи“.

2. Во Наставната програма за Македонски јазик и литература за **III година**[14] (**Реформирано гимназиско образование**), во делот Програмското подрачје за литература се планирани часови за обработка на Македонската литература од НОВ, и за Македонската литература по Втората светска војна, при што се прави преглед и се репродуцираат основните книжевно-историски податоци за македонската литература (периодизација, класификација на жанровите, автори, дела)[15]. Во учебникот, во наставната единица – Македонската литература по Втората светска војна (1945 – 2003), само се споменува Ацо Шопов како автор кој твори во наведениот период.

9 Велкова, С., Јовановска, С. (2010), *Македонски јазик за VIII* одделение, Скопје: МОН. (Види на: https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Makedonski_9_velkova.pdf, стр. 56).

10 Во Наставната програма за Македонски јазик за IX одделение, во Програмското подрачје за литература и лектира, планирани се часови за обработка на паралелна, вкрстена и обгрлена рима (Види на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-IX_odd-mkd.pdf, стр. 9).

11 *Македонски јазик за паралелките со настава на албански и турски јазик за IX одделение,* Скопје: Просветно дело, 2016.

12 Наставните програми се преземени од официјалната страница на Бирото за развој на образованието.

13 https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_literatura-I_GO-mkd.pdf

14 https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_literatura-III_GO-mkd.pdf

15 Види на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_literatura-III_GO-mkd.pdf, стр. 19–20.

3. Во Наставната програма за Македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници за **III година**[16] (Реформирано гимназиско образование), во Програмското подрачје за литература, планирани се часови за обработка на Македонската повоена поезија, се дефинираат белезите, мотивите коишто ги обработуваат песните од избраните автори, а од Ацо Шопов се обработува песната „Очи".

4. Во Наставната програма за Македонски јазик и литература за **IV година**[17] (Реформирано гимназиско образование), во Програмското подрачје за литература, во содржините од лирика се планирани часови за обработка на избор од поезијата на Ацо Шопов. Во учебникот Македонски јазик и литература (од авторите: Бојковска, Минова-Ѓуркова, Пандев, Цветковски, Аврамовска, Георгиевска-Јаковлева), се наоѓаат песните: „Раѓање на зборот", „Третата молитва на моето тело", „Осмата молитва на моето тело", а како задача треба да се прочитаат сите песни од циклусот „Молитви на моето тело". Во учебникот Македонски јазик и литература (од авторите: Андоновски, Марковиќ, Стојковски) се претставени фазите во творештвото на Ацо Шопов.

- **Средно стручно училиште (четиригодишно и тригодишно):**

1. Во Наставната програма за Македонски јазик и литература за **IV година**[18] (за четиригодишно средно стручно училиште), во Модуларната единица за литература, се планирани часови за обработка на современата македонска литература и за повоената македонска поезија, како и за структурна, мотивска и стилска анализа на избор од поезијата на Ацо Шопов, па така учениците црпат сознанија за творештвото на поетот. Тие треба да се оспособат да ги систематизираат мотивите и мотивските преокупации во поезијата на Шопов и да го презентираат неговиот развој од ангажиран поет до поет на интимната лирика. Се обработуваат песните: „Очи", „Раѓање на зборот",„Молитви на моето тело",„Небиднина". Во учебникот Македонски јазик и литература (од авторите Бошковиќ и Илиевска) има биографски податоци за авторот, осврт кон неговата литературна дејност и песната „Раѓање на зборот".

2. Во Наставната програма за Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници за **III година**[19] (за четиригодишно средно

[16] https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/09/NP-Makedonski-jazik-III_GO-drugi-zaednici.pdf

[17] https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_literatura-IV_GO-mkd.pdf

[18] Види на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/09/NP-MAKEDONSKI-JAZIK-I-LITERATURA-IV-god.pdf, стр. 34–35

[19] Види на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_za_uchenicite_od_drugite_zaednici-III-SSO4-eksperimentalna.pdf, стр. 13.

стручно училиште), во Модуларната единица за литература, се издвојуваат часови за Македонската литература по Втората светска војна и за Ацо Шопов и песната „Очи“ (се усвојуваат био-библиографски податоци за авторот, интерпретирање – читање и рецитирање на поезијата од А. Шопов). Во учебникот Македонски јазик и литература (од авторките Велкова и Јовановска) има осврт кон творештвото на авторот и извадок од песната „Очи“. Во делот Задачи се посочува учениците да ја прочитаат песната „Очи“ и да направат Венов дијаграм каде што оваа песна ќе ја споредат со песна посветена на Ибе Паликуќа.

3. Во Наставната програма за Македонски јазик и литература за **III година**[20] (за тригодишно средно стручно училиште), во Програмското подрачје за литература, има часови за обработка на современа македонска литература и за Ацо Шопов со осврт кон неговата поезија, а како избор се наведени песните: „Тишина“, „Очи“, „Раѓање на зборот“. Учениците треба да ги интерпретираат доминантните одлики во лириката на Ацо Шопов и да ги применуваат теоретските знаења од литературата (стилски фигури, лирска поезија).

4. Во Наставната програма за Македонски јазик и македонска литература за заедниците за **III година**[21] (за тригодишно средно стручно училиште), во Програмското подрачје за литература, има часови за обработка на современата македонска литература и за песните: „Тишина“, „Очи“, „Раѓање на зборот“, „Трета молитва на моето тело“ од Ацо Шопов. Според оваа програма, учениците треба да ги осознаат доминантните одлики во лириката на А. Шопов.

[20] Види на. https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/Makedonski-jazik-i-literatura-III-SSO-trigodishno.pdf, стр. 22–23.

[21] Види на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_makedonska_literatura_za_zaednicite-III_SSO-trigodishno-mkd.pdf, стр. 12.

**III Табеларен приказ на песните кои се застапени во наставната програма на часовите по литература и на часовите за обработка на лектира.**

а) Основно образование

| одделение | песни од Ацо Шопов[22] (во учебниците за паралелките со настава на македонски јазик) | песни од Ацо Шопов [23] (во учебниците за паралелките со настава на албански и на турски јазик) |
|---|---|---|
| VI одделение | / | / |
| VII одделение | „На езеро“ | / |
| VIII одделение | „Ветрот носи убаво време“ „Треба да бидеме подобри“ | / |
| IX одделение | „Очи“ | „Облак“ |

[22]Песните коишто се обработуваат се вдомени во збирките: „На езеро“ (од циклусот „Минијатури“ во збирката „Слеј се со тишината“, 1955); „Ветрот носи убаво време“ (од циклусот „Во секој град“ од збирката „Ветрот носи убаво време“, 1957); „Треба да бидеме подобри“ (од циклусот „Во секој град“ од збирката „Ветрот носи убаво време“, 1957). Песната „Очи“ е објавена во колективната збирка „Песни“ во која се застапени и Блаже Конески, Славко Јаневски и Гого Ивановски. Прва збирка на Шопов во која се појавува „Очи“ е Со наши раце.“ (Види на: https://www.acosopov.com/%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0/%D0%BB%D0%B8%D1%80%D0%B8%D0%BA%D0%B0/%D0%BE%D1%87%D0%B8?lang=mk)

[23]Песната „Облак“ е од циклусот „Минијатури“, од збирката „Слеј се со тишината“, 1955 г.

| година | песни од Ацо Шопов[24] (во учебниците за гимназиско реформирано) | | песни од Ацо Шопов[25] (во учебниците за четиригодишно средно стручно) | песни од Ацо Шопов[26] (во учебниците за тригодишно средно стручно) |
|---|---|---|---|---|
| I година (настава на македонски јазик) | „Очи“ (по избор) | / | / | |
| I година (настава на албански и на турски јазик) | / | / | / | |
| II година (настава на македонски јазик) | / | / | / | |
| II година (настава на албански и на турски јазик) | / | / | / | |
| III година (настава на македонски јазик) | / | / | „Во тишина“, „Очи“, „Раѓање на зборот“ | |
| III година (настава на албански и на турски јазик) | „Очи“ | „Очи“ | „Тишина“, „Очи“, „Раѓање на зборот“, „Трета молитва на моето тело“ | |
| IV година (настава на македонски јазик) | „Раѓање на зборот“, „Третата молитва на моето тело“, „Осмата молитва на моето тело“ (Задача: циклуот „Молитви на моето тело“) | „Очи“, „Раѓање на зборот“, „Молитви на моето тело“, „Небиднина“ | / | |
| IV година (настава на албански и на турски јазик) | / | / | / | |

[24]Песните коишто се обработуваат се вдомени во збирките: „Раѓање на зборот“ („Небиднина“, 1963); „Трета молитва на моето тело“, „Осмата молитва а моето тело“ („Небиднина“, 1963).
[25]Освен песната „Очи“, сите останати песни се од збирката „Небиднина“.
[26]Песните коишто се обработуваат се вдомени во збирките: „Очи“ („Со наши раце“, 1950 и во „Песни“со Блаже Конески, Славко Јаневски, Гого Ивановски и Лазо Каровски, 1946); „Раѓање на зборот“ (од циклусот „Молитви на моето тело“ од збирката „Небиднина“, 1963); „Трета молитва на моето тело“ (од циклусот „Молитви на моето тело“ од збирката „Небиднина“, 1963).

**IV Мотиви кои ги обработуваат и поетовиот јазичен израз**

Во изборот песни во учебниците по предметот Македонски јазик за основно и за средно образование се доловува пејзажот на езерото („На езеро“), се евоцираат спомени за смртта на другарката соборец („Очи“), се открива тагата на поетот („Ветрот носи убаво време“), додека во збирката „Небиднина“ „човекот се сплотува со друг човек, со природата и со сопствената подзаборавена припадност на таинственото Пра-Едно“.[27] Почетната песна од оваа збирка, „Раѓање на зборот“, „може да се толкува како самостоен ентитет со внатрешен систем на заемна комуникација меѓу зборовите, но и геопоетички, како идентификациски процес во себеспознанието во светот и на светот во сопствената песна.“[28] Пирузе-Тасевска ќе истакне дека во „единаесет пагански молитви за физичко-духовното тело (Поетот и Жената), сплотено со земјата, доминираат главните матријархални симболи: отворен храм „затворен во својата древност и голем од чекање“, реките, бршланите, тревите зелени со благо назначени особини на женски божества и месечината – знак на плодност од лунарната митологија (...)“ [29]

**Заклучок**

Горенаведениот преглед на учебниците и на наставните програми по Македонски јазик го покажа следново: поезијата на Ацо Шопов се среќава во: VII, VIII и IX одделение во основното образование; во III и IV година – гимназиско образование, во III и IV година – четиригодишно средно стручно образование, како и во III година – тригодишно средно стручно образование. Изборот на неговата поезија за основно образование е направена од збирките: „Со наши раце“ (1950), „Слеј се со тишината“ (1955) и „Ветрот носи убаво време“, додека за средно образование освен песната „Очи“, сите песни се од збирката „Небиднина“ (1963). Прегледот на учебниците покажа дека песните на Шопов може да послужат за најразлични цели: запознавање со

[27] Прокопиев, А. (1996). „За Небиднината на Шопов“. Извадок од Ацо Шопов во дијалог со современото поетско искуство. Книжевен контекст 2, Скопје: ИМЛ. (Види на: https://www.acosopov.com/%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B5%D0%B1%D0%B8%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D0%BD%D0%B0?lang=mk).

[28] Исто.

[29] Пирузе-Тасевска. В. (1993). Митски фантазми и симболи во „Небиднина“ на Ацо Шопов, Скопје: Културен живот, бр. 2, 47–50. (Види на: https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d0%bc%d0%b8%d1%82%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%84%d0%b0%d0%bd%d1%82%d0%b0%d0%b7%d0%bc%d0%b8?lang=mk).

нови зборови, запознавање со нови стилски фигури, анализа на одделни песни и осврт на творештвото на поетот. Едноставно, блесокот на очите на хероината кој внесува храброст кај борците, метафорите на небиднината и симболот на тишината ќе останат долго во сеќавањата на идните генерации, бидејќи творештвото на Ацо Шопов се јавува „низ речиси рамномерни временски интервали, од кои секоја има свој основен поетско-естетски профил и обележува посебен миг во развојот на современата македонска поезија", посочува Ѓурчинов[30] .

**Користена литература:**


[1] Андоновски, В., Марковиќ, М., Стојковски, Г. (2003). Македонски јазик и литература, учебник за трета година за реформираното гимназиско образование. Скопје: Култура.

[2] Андоновски, В., Марковиќ, М., Стојковски, Г. (2004). Македонски јазик и литература, учебник за четврта година за реформираното гимназиско образование. Скопје: Култура.

[3] Бојковска, Ст., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж., Аврамовска, Н., Георгиевска-Јаковлева, Л. (2009). Македонски јазик и литература за четврта година за реформираното гимназиско образование. Скопје: Просветно дело.

[4] Бојковска, Ст., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж., Тодоровски, Г., Аврамовска, Н. (2018). Македонски јазик и литература за трета година гимназиско образование. Скопје: Просветно дело.

[5] Бојковска, Ст., Алексова, Г., Пандев, Д., Гочкова, К. (2020). Македонски јазик за осмо одделение за деветгодишното основно обазование. Скопје: Министерство за образование и наука, Република Македонија.

[6] Богдановски, Т. Македонски јазик за седмо одделение – осумгодишно основно образование, Скопје: МОН, https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/makedonski_jazik_7_tbogdanovski.pdf

[7] Бошковиќ, К. Илиевска, С. (2011). Македонски јазик и литература за IV година средно стручно образование, Скопје: МОН.

[8] Велкова, С., Јовановска, С. (2020). Македонски јазик за VII одделение за основно образование. Скопје: Министерство за образование и наука, https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Makedonski_7odd.%20S.Velkova_PRINT%20-%20OK_compressed.pdf


[30] Ѓурчинов, М. (2005). „Најубавите песни на Ацо Шопов", во Животот и делото на Ацо Шопов, Скопје: МАНУ. (Види на: https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%93%d1%83%d1%80%d1%87%d0%b8%d0%bd%d0%be%d0%b2-2003?lang=mk)

[9] Велкова, С., Јовановска, С. (2010), Македонски јазик за VIII одделение, Скопје: МОН, https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Makedonski_9_velkova.pdf
[10] Велкова, С., Јовановска, С. (2010), Македонски јазик за другите заедници за III година за средно стручно образование (за сите струки), Скопје: МОН.
[11] Димковска, Б. Цветковиќ, С. (2021). Македонски јазик за VII одделение за основно образование. Скопје: МОН, https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/makedonski_jazik_7_dimkovska.pdf
[12] Ѓурчинов, М. (2005). „Најубавите песни на Ацо Шопов", во Животот и делото на Ацо Шопов, Скопје: МАНУ. (Види на: https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d1%93%d1%83%d1%80%d1%87%d0%b8%d0%bd%d0%be%d0%b2-2003?lang=mk)
[13] Македонски јазик за паралелките со настава на албански и турски јазик за IX одделение, Скопје: Просветно дело, 2016.
[14] Мицковиќ, С. (1998). Книжевни текови. Скопје: Култура.
[15] Наставна програма по предметот Македонски јазик за VII одделение, Скопје, февруари 2008 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-VII_odd-mkd.pdf
[16] Наставна програма за Македонски јазик за VIII одделение, Скопје, ноември, 2008 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-VIII_odd-mkd.pdf
[17] Наставна програма по предметот македонски јазик за IX одделение, Скопје, септември, 2009 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-IX_odd-mkd.pdf
[18] Наставна програма за Македонски јазик и литература за I година (Реформирано гимназиско образование), Скопје, мај 2011 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_literatura-I_GO-mkd.pdf
[19] Наставна програма за Македонски јазик и литература за III година (Реформирано гимназиско образование), Скопје, 2002 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_literatura-III_GO-mkd.pdf
[20] Наставна програма за Македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници за III година (Реформирано гимназиско образование), Скопје, 2003 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/09/NP-Makedonski-jazik-III_GO-drugi-zaednici.pdf
[21] Наставната програма за Македонски јазик и литература за IV година (Реформирано гимназиско образование), Скопје, 2002 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_literatura-IV_GO-mkd.pdf
[22] Наставна програма за Македонски јазик и литература за IV година (за четиригодишно средно стручно училиште), Скопје, 2019 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/09/NP-MAKEDONSKI-JAZIK-I-LITERATURA-IV-god.pdf
[23] Наставна програма за Македонски јазик и литература за учениците од

другите заедници за III година (за четиригодишно средно стручно училиште), Скопје, 2019 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_za_uchenicite_od_drugite_zaednici-III-SSO4-eksperimentalna.pdf

[24] Наставна програма за Македонски јазик и литература за III година (за тригодишно средно стручно училиште), Скопје, јуни 2013 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/Makedonski-jazik-i-literatura-III-SSO-trigodishno.pdf

[25] Наставна програма за Македонски јазик и македонска литература за заедниците за III година (за тригодишно средно стручно училиште), Скопје, јуни 2013 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik_i_makedonska_literatura_za_zaednicite-III_SSO-trigodishno-mkd.pdf

[26] Пирузе-Тасевска. В. (1993). Митски фантазми и симболи во „Небиднина“ на Ацо Шопов, Скопје: Културен живот, бр. 2, 47–50. (Види на: https://www.acosopov.com/%d1%87%d0%b8%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/%d0%bc%d0%b8%d1%82%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%84%d0%b0%d0%bd%d1%82%d0%b0%d0%b7%d0%bc%d0%b8?lang=mk)

[27] Прокопиев, А. (1996). „За Небиднината на Шопов“. Извадок од Ацо Шопов во дијалог со современото поетско искуство. Книжевен контекст 2, Скопје: ИМЛ. (Види на: https://www.acosopov.com/%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B5%D0%B1%D0%B8%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D0%BD%D0%B0?lang=mk).

[28] Стојменска-Елзесер, С. (2014). Лиричар од почеток до крај. Скопје: Стожер, бр. 119. (Види на: https://www.acosopov.com/%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0/%D0%BB%D0%B8%D1%80%D0%B8%D1%87%D0%B0%D1%80-%D0%BE%D0%B4-%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%BA-%D0%B4%D0%BE-%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%98?lang=mk

## THE POETRY OF ACO ŠOPOV IN THE TEXTBOOKS OF MACEDONIAN LANGUAGE AND LITERATURE

**Marina Danilovska, Marina Spasovska**
University of Tetova

**Abstract**: Aco Šopov is one of the most outstanding poets from the first generation of Macedonian post-war writers, who soared to the literary heights through the verses poured out from the depth of the lyrical soul. For the purposes of this paper, analysis of the representation of his poetry in the curricula for secondary and primary education, in the Macedonian language textbooks for primary education (from VI to IX grades) will be made along with the same analysis in the Macedonian language and literature textbooks for

secondary education, high school education and secondary vocational education (four-year and three-year). Within this analysis, the poems which are represented in the program areas of literature and reading are discussed, what motifs they deal with, what is the poet's language expression, etc.

**Key words:** *verse, song, poetry, student's book, literature.*